**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Раководител/ помошник на Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот** |

ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА
за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за реконструкција на ул. „Александар Урдаревски“ во Скопје на КП 6294/1 КО Кучевиште- вонград, Општина Чучер Сандево

Скопје, јуни 2024 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09), Советот на Град Скопје на _________седницата одржана на ____________2024 година донесе

**О Д Л У К А**

за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за реконструкција на ул. „Александар Урдаревски“ во Скопје на КП 6294/1 КО Кучевиште- вонград, Општина Чучер Сандево

Член 1

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Чучер Сандево за реконструкција на ул. „Александар Урдаревски“ во Скопје на КП 6294/1 КО Кучевиште- вонград, Општина Чучер Сандево, од крстосница со ул. „Нов Живот“ до Обиколница и се уредува начинот и условите на финансирањето, како и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес.

Член 2

Градот Скопје во остварување на оваа соработка ќе учествува со издавање на Решение за реконструкција на ул. „Александар Урдаревски“ во Скопје, на КП 6294/1 КО Кучевиште- вонград, Општина Чучер Сандево, од крстосница со ул. „Нов Живот“ до Обиколница и обезбедување на сите потребни документи за одобрување на „Анекс на Основен сообраќаен проект за утврдување на режим на сообраќај на постојна состојба на дел од правец на ул. „Александар Урдаревски” на КП 6294/1 КО Кучевиште – вонград, Општина Чучер Сандево” со тех. бр.36-04/2023.

Општината Чучер Сандево во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со финансиски средства во износ од 6.291.766,00 денари за реконструкција на ул.„Александар Урдаревски“ од крстосница со ул. „Нов Живот“ до Обиколница, изработка на „Анекс на Основен сообраќаен проект за утврдување на режим на сообраќај на постојна состојба на дел од правец на ул. „Александар Урдаревски” на КП 6294/1 КО Кучевиште вон-град, Општина Чучер Сандево“ и обележување на новореконструирана сообраќајница со хоризонтална и вертикална сигнализација.

Средствата од став 2 од овој член, ќе се користат исклучиво за намената од член 1 од оваа Одлука, согласно прописите со кои се уредува изградбата на таков тип објекти.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор со Градоначалникот на Општина Чучер Сандево, со кои ќе се воспостави меѓуопштинска соработка, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2024 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески
_____________________

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), согласно кои Советот на Градот Скопје е надлежен за донесување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка, која се воспоставува заради заедничко вршење работи од надлежност на општините и остварување на заеднички интереси и цели, поради што општините здружуваат финансиски, материјални и други средства.

За потребите на реализација на Основен проект за реконструкција на дел од ул. „Александар Урдаревски“, потег за кој Град Скопје има одобрен „Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај на постојна состојба на дел од ул. „Александар Урдаревски“ во Скопје, на потег од влез во гробишта „Бутел“ до граница на ГУП на Град Скопје 2012-2022 година” со тех.бр.136/22 од Јануари 2023, одобрени се средства во износ од 6.291.766,00 денари, обезбедени од страна на Министерството за транспорт и врски преку Меѓународна банка за обнова и развој – Светска банка, преку – Програма за поврзување на локални патишта – П170267 за реконструкција на дел од ул. „Александар Урдаревски“.

Град Скопје изврши реконструкција на ул. „Александар Урдаревски“ на потег од влез во гробишта „Бутел“ до ул. „Нов Живот“, односно камената коцка ја заменивме со нов асфалт. Со реализација на оваа меѓуопштинска соработка граѓаните на Градот Скопје ќе добијат целосно реконструирана ул. „Александар Урдаревски“, на потег од крстосница со ул. „Бутелска“ до Обиколница.

Градот Скопје со оваа Одлука за меѓуопштинска соработка ќе учествува со издавање на Решение за реконструкција на ул. „Александар Урдаревски“ во Скопје, на КП 6294/1 КО Кучевиште- вонград, Општина Чучер Сандево, од крстосница со ул. „Нов Живот“ до Обиколница и обезбедување на сите потребни документи за одобрување на „Анекс на Основен сообраќаен проект за утврдување на режим на сообраќај на постојна состојба на дел од правец на ул. „Александар Урдаревски” на КП 6294/1 КО Кучевиште – вонград, Општина Чучер Сандево” со тех. бр.36-04/2023.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.